МЦМС ги поддржуваше развојните иницијативи на село. Излезе првиот број на НВО Билтенот и на Адресарот на НВО во Македонија. Се организираа првите обуки за раководење со проектен циклус. МЦМС се пресели во своето сегашно седиште.

Оваа година МЦМС се пресели во **нови простории**, тогаш по овој повод директорот Сашо Клековски рече дека „ако 1993 беше година на основање, 1994 застанување на нозе, тогаш 1995 и 1996 се години на
консолидација и градење на одржливи програми
“.

Програмата за **селските развојни иницијативи** поддржа иницијативи во етнички мешани средини, како придонес за **подо брување на меѓуетничките односи** преку развојните иницијативи.

Прво доверба па вода

Селото Канатларци се наоѓа во јужниот дел на Прилеп. Во него постојано живеат 240 домаќинства или 1100 жители. Од нив 91% се етнички Турци, а 9% етнички Македонци, Во периодот од 1950 до 1980 година во Турција имигрирале преку 200 домаќинства. Извор на егзистенција за жителите од ова село е исклучиво земјоделието и тоа најчесто тутунот, житото и лубениците. Најголем дел од семејствата работат на изнајмена земја, Производството е на границата на исплатливост.

Првите контакти со селото МЦММС ги направи во 1994 година. Во почетокот во селото не постоеше иницијатива за подобрување на водоснабдувањето. Причина за тоа е големата маргинализираност, како и фактот дека луѓето излезот од ситуацијата го гледале во емигрирањето и секако во бројните празни ветувања што ги добивале во текот на изминатите 50 години. Во почетокот на 1995 година МЦМС успешно работеше и во други малцински села, меѓу кои и соседните села Десово и Црнилиште. Ова беше многу важно за воспоставување на довербата. Во селото луѓето со вода се снабдуваа од неколку чешми што комплетно пресушуваа во летниот период. Со изградбата на меѓусебната доверба е формиран Комитет за водоснабдување кој ги започна активностите за изградба на централен водовод со кој во селото ќе се донесе вода од околу 2 км оддалеченост. Селаните учествуваа со 53,7% од вкупната вредност на проектот со работна рака и парични средства. Водоводот се изгради за 10 месеци и беше пуштен во употреба во месец август. Сите домаќинства поставија водомери и плаќаат за употребата на водата.

„Предизвиците со кои се соочивме во 1996 година не беа исти со оние со кои се соочувавме во 1993 година: балканот се уште не е мирен, но е делумно стабилизиран, ембаргото и бојкотите се укинати; македонија ја стабилизира својата надворешнополитичка положба. Но пред нас стојат предизвиците на (не)интеграција на различните етнички групи и продлабочената економска криза.“

Годишен извештај на МЦМС за 1996 година.

ВОДАТА Е НАЈВАЖНА

1996

МЦМС ги поддржуваше развојните иницијативи на село. Излезе првиот број на НВО Билтенот и на Адресарот на НВО во Македонија. Се организираа првите обуки за раководење со проектен циклус. МЦМС се пресели во своето сегашно седиште.